Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 и член 297 став (2) и (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 април 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ОРГАНИЗИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.197/19 и 234/22), насловот на одлуката се менува и гласи:
   "ОДЛУКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ОРГАНИЗИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА СО БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ"
   Точката 1 се менува и гласи:
   "На Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје, се издава лиценца за вршење на енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија со билатерални договори."
   Прилогот се заменува со нов Прилог кој е составен дел од оваа одлука.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по барање на носителот поради усогласувањето со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика*.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), врши усогласување на правата и обврските утврдени во лиценцата за вршење на енергетската дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија со билатерални договори од точка 1 на оваа одлука со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика*.

Согласно член 297 став (2) од Законот за енергетика*, носителите на лиценците за вршење на енергетска дејност издадени до денот на влегувањето во сила на законот, се должни во рок од еден

месец од денот на влегувањето во сила на законот, до Регулаторната комисија за енергетика да поднесат барање за промена на лиценцата согласно одредбите од законот.

Согласно член 297 став (3) од Законот за енергетика*, лиценците за вршење на енергетска дејност кои се променети согласно член 297 став (2) од Законот за енергетика, продолжуваат да важат до истекот на рокот на важноста на лиценците.

Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје, достави до Регулаторната комисија за енергетика Барање за промена на лиценцата УП1 бр.12-1091/25 од 12 јуни 2025 година.

Регулаторната комисија за енергетика изготви предлог - одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија со билатерални договори, којашто согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-598/1 од 16 април 2026 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 21 април 2026 година. На подготвителната седница немаше забелешки по предлог - одлуката од страна на присутните.

Регулаторната комисија за енергетика на 24 април 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 и член 297 став (2) и (3) од Законот за енергетика*, донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-1091/25**
**24 април 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

**Прилог:**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ОРГАНИЗИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**
**СО БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ**

1. **Назив и седиште на носителот на лиценцата**
   Национален оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. "Максим Горки" бр.12 Скопје-Центар, Република Северна Македонија

2. **Енергетска дејност за која се издава лиценцата**
   Организирање и управување со пазарот на електрична енергија со билатерални договори

3. **Датум на издавање на лиценцата:** 25 септември 2019 година

4. **Датум на отпочнување со вршење на енергетската дејност:** 1 октомври 2019 година

5. **Датум на важење на лиценцата:** 1 октомври 2029 година

6. **Евидентен број на издадената лиценца:** ЕЕ-ОПЕЕ-389-2019

7. **Единствен матичен број:** 7309724

8. **Единствен даночен број:** 4080018576790

9. **Вид и обем на енергетската дејност што се врши**
   Оператор на пазар на електрична енергија е друштво кое го организира и управува пазарот на електрична енергија со билатерални договори и е одговорно за негово ефикасно функционирање и развој.

10. **Подрачје на кое се врши енергетската дејност**
    Носителот на лиценцата може да ја врши енергетската дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија со билатерални договори на целата територија на Република Северна Македонија и странство.

11. **Обврски за носителот на лиценцата**
    Носителот на лиценцата е должен:
    - да управува со пазарот на електрична енергија со билатерални договори,
    - да врши пресметка на дебалансите на балансно одговорните страни и предлог пресметка за трошокот за дебалансите согласно месечниот пазарен план и конечниот возен ред, мерењето на електрична енергија, активните количини на услугите за балансирање за секој давател на услуга за балансирање и цената на порамнување добиена од операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем,
    - навремено да ги доставува сите информации потребни за изработка на конечните дневни

распореди за купување и продажба на електрична енергија во Република Северна Македонија до операторот на електропреносниот систем,

- да води евиденција на сите договори за учество на пазарот, склучени со учесниците на пазарот на електрична енергија,
- да води евиденција на сите договори за формирање на балансни групи склучени помеѓу учесниците на пазарот на електрична енергија и операторот на пазарот на електрична енергија,
- да изработува дневен и месечен пазарен план,
- да води регистар на учесниците на пазарот,
- да објавува информации кои се неопходни за непречено организирање и управување на пазарот на електрична енергија,
- навремено да доставува до операторот на електропреносниот систем на сите информации за регистрираните учесници на пазарот на електрична енергија,
- да ја следи работата на снабдувачите во однос на нивното учество на пазарот на мало и презема активности за отстранување на евентуалните недостатоци кои влијаат на сигурноста во снабдувањето и цената на електричната енергија,
- да ги обезбеди потребните информации за снабдувачот со електрична енергија во краен случај,
- да врши склучување на договори за откуп и продажба, како и преземање на балансна одговорност за произведената електрична енергија од повластените производители коишто користат повластена тарифа, во согласност со закон,
- да овозможува тргување со гаранции за потекло согласно закон со кој се уредени обновливите извори на енергија,
- да води Регистар на гаранции за потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори, во кој ги запишува сите издадени, пренесени и укинати или поништени гаранции за потекло согласно закон со кој се уредени обновливи извори на енергија,
- да соработува со операторите на пазарите на електрична енергија на други држави и сите регионални и меѓународни организации и асоцијации,
- да води евиденција за трансакциите за физичката испорака на електрична енергија, со кои се уредуваат правилата за регистрација на учество на пазар на електрична енергија и пазарот на билатерални договори,
- да донесе правила за регистрација на учество на пазар на електрична енергија и уредување на пазарот на билатерални договори, засновани на начелата на транспарентност, недискриминација и конкурентност
- да плаќа надоместок за користење на пазарот на електрична енергија кога купува електрична енергија за покривање на загубите и за сопствени потреби,
- ги ажурира и објавува информациите поврзани со функционирањето на пазарот, и на својата веб страна да ги објавува сите извештаи, документи и информации од јавен карактер согласно закон, а се од интерес на учесниците на пазарот на електрична енергија,
- да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци од склучените договори на учесниците на пазарот на електрична енергија,
- доставува податоци и информации согласно правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- да доставува известувања за сите околности, настани и промени коишто имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,

- да ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на енергетската дејност, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа,
- да овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци
- да не тргува со електрична енергија, освен во случај на тргување со електрична енергија произведена од повластени производители кои согласно закон со кој се уредени обновливите извори на енергија користат повластена тарифа.

**12. Надоместок за користење на пазарот на електрична енергија**

Операторот на пазарот на електрична енергија го пресметува и фактурира надоместокот за користење на пазарот на електрична енергија врз основа на најавените трансакции, со примена на тарифата утврдена во одлуката што ја донесува Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**13. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија да достави годишен извештај за работењето во претходната година согласно правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија.

**14. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**15. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.